## ПРИЛОГ 6.В: ИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

## СОДРЖИНА


1. **Колокација** ... **1**
2. **Компоненти На Кабелско Поврзување** ... **3**
3. **Разврзан Пристап На Локална Јамка** ... **3**


### 1. Колокација

**1.1** Предуслов за започнување на градежните работи потребни за имплементација на Колокациската Единица На Страната Барател е Страната Барател да го врати – потпишан со овластен потписник - соодветниот Индивидуален Договор За Колокација до Македонски Телеком АД, којшто Македонски Телеком АД го испратил до Страната Барател и Индивидуалниот Договор За Колокација ќе стапи однапред на сила.

**1.2** Врз основа на деталните испитувања, времето на исполнување понудено за инсталирање на Колокациската Единица На Страната Барател, кое е наведено во претходното Предвидување не може да надмине 60 (шеесет) дена, сметано од датумот кога соодветниот Индивидуален Договор За Колокација стапил на сила.

**1.3** За имплементација на Колокациската Единица На Страната Барател во просторот на Македонски Телеком АД е потребна градежна дозвола во случај кога Македонски Телеком АД ги извршува градежните активности:

**а)** Македонски Телеком АД ќе достави барање за таква дозвола до соодветните органи во рок од 15 (петнаесет) дена сметано од датумот кога соодветниот Индивидуален Договор За Колокација стапил на сила; и

**б)** крајниот рок од 60 (шеесет) работни денови, наведен во Точка 1.2 од овој Прилог ќе се пресметува од датумот на стапување на сила на градежната дозвола.

**1.4** За Колокациска Единица На Страната Барател во просторот на Македонски Телеком АД, Македонски Телеком АД е обврзан да достави барање за градежна дозвола за Колокациското Место. Македонски Телеком АД ќе ги вложи сите напори за да ја добие потребната градежна дозвола што е можно побрзо.

**1.5** Доколку органот одбие да издаде градежна дозвола, соодветниот Индивидуален Договор За Колокација на кого ќе има влијание таквото одбивање, ќе престане да важи на денот кога решението на градежната власт ќе стапи на сила и Страната Барател ќе му надомести на Македонски Телеком АД за настанатите трошоци.

**1.6** За Колокациска Единица На Страната Барател во просторот на Македонски Телеком АД, Македонски Телеком АД ќе ги спроведе потребните градежни работи со соодветен квалитет и деловен однос, во согласност со градежните дозволи и другите потребни дозволи и Македонски Телеком АД навремено ќе ја извести Страната Барател за било какви промени и влијанието врз трошоците поврзано со нив, што е потребно за одредени неочекувани околности.

**1.7** Македонски Телеком АД ќе ја извести Страната Барател 5 (пет) работни дена пред очекуваното завршување на градежните работи и ќе договори состанок кој треба да се одржи на денот кога се очекува да завршат градежните работи. Македонски Телеком АД ќе и обезбеди можност на Страната Барател да даде свој коментар за градежните работи и нивното

завршување.

**1.8** Во случај да останат некои мали или недовршени градежни работи за периодот по датумот на состанокот согласно Член 1.9 од овој Прилог, Македонски Телеком АД ќе обезбеди, дополнителните работи за спроведување поврзани со Колокациското Место каде што се наоѓа Колокациската Единица На Страната Барател да се поправат во најкраток можен рок, но не подоцна од 1 (еден) месец, сметано од датумот на спроведување на процедурите на предавање.

**1.9** Македонски Телеком АД го задржува правото да ја пренесе било која Колокациска Единица На Страната Барател на друга Страна Барател, доколку Страната Барател не почне да ја употребува во рок од 2 (два) месеци, сметано од датумот на предавање. Истовремено со приемот на такво известување ќе престане да важи и Индивидуалниот Договор За Колокација помеѓу Македонски Телеком АД и Страната Барател. Македонски Телеком АД ќе ја извести новата страна барател во рок од 6 (шест) дена.

**1.10** Доколку, со цел да се задоволи Барањето на Страната Барател треба да се изгради нова Колокациска Просторија и Македонски Телеком АД ги обезбедува рамот за опрема за пренос и/или HDF рамот, Македонски Телеком АД има право да го фактурира, по заземањето на Колокациската Просторија од страна на Страната Барател, Еднократниот Надомест За Рам За Опрема За Пренос, Еднократниот Надомест За HDF Рам, Еднократен Надомест За Технички Надзор во случај на Физичка Колокација кога Страната Барател ги извршува градежните активности, дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) на страната барател по Колокациска Просторија.

Доколку Страната Барател ги обезбедува ги обезбедува рамот за опрема за пренос и/или HDF рамот, Македонски Телеком АД има право да го фактурира, по заземањето на Колокациската Просторија од страна на Страната Барател, Еднократниот Надомест За Инсталација На Рам За Опрема За Пренос, Еднократниот Надомест За Инсталација На HDF Рам, дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци) на страната барател по Колокациска Просторија

**1.11** Доколку Страната Барател бара Колокација до Колокациско Место, каде што направената Колокациска Просторија била првобитно/дополнително климатизирана и се уште има слободен дел од направената Колокациска Просторија за сместување на Колокациската Единица На Страната Барател, тогаш Страната Барател може да ја користи Колокација таму само со уредот за климатизирање. Во такви случаи кога е инсталиран клима уред, Македонски Телеком АД ќе има право на Страната Барател да и фактурира Месечен Надомест За Управување И Одржување за Колокациска Просторија (првобитно/дополнително) опремена со климатизација, како што е дефиниранио во Прилог 8.Б (Надоместоци).

**1.12** Во случај на Физичка Колокација, откако Страната Барател ќе ја преземе Колокациската Единица На Страната Барател, Македонски Телеком АД ќе има право да фактурира Надомест За Инсталирање На Колокација, Индивидуален Надомест За Инсталирање На Колокација, Месечен Надомест За Управување И Одржување потоа Месечен Надомест За Контрола На Влез/Безбедоносен Систем, Надомест За Потрошувачка На Електрична Енергија, Месечен Надомест За Обезбедување На Постојана Техничка Поддршка на барање на Страната Барател, како што е дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци).

**1.13** Во случај на Оддалечена Колокација во просторот на Македонски Телеком АД, Македонски Телеком АД има право да фактурира Месечен Надомест За Изнајмување На Недвижности, Надомест За Инсталирање На Колокација, Месечен Надомест За Контрола На Влез/Безбедносен Систем, Надомест За Потрошувачка на Електрична Енергија и Месечен Надомест За Обезбедување На Постојана Техничка Поддршка на барање на Страната Барател дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци).

**1.14** Во случај на Виртуелна Колокација, откако Страната Барател ќе ја достави Опремата На Страната Барател и откако Македонски Телеком АД ја постави истата во Колокациската Единица каде што се наоѓа опремата на Македонски Телеком АД, Македонски Телеком АД ќе има право да фактурира Надомест За Инсталирање На Колокација, Индивидуален Надомест За Инсталирање На Колокација, Месечен Надомест За Управување И Одржување, Месечен Надомест За Безбедносен Систем, Месечен Надомест За Потрошувачка На Електрична Енергија и Месечен

Надомест За Обезбедување На Постојана Техничка Поддршка, како што е дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци).

## 2. Компоненти На Кабелско Поврзување

**2.1** Предуслов за обезбедување на Компоненти На Кабелско Поврзување е Страната Барател да го врати – потпишан од овластен потписник- релевантниот Индивидуален Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување до Македонски Телеком АД, којшто Македонски Телеком АД го испратил до Страната Барател и Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување ќе стапи однапред на сила.

**2.2** Времето на исполнување кое е понудено за обезбедување на Компонентите На Кабелско Поврзување

**а)** кое е наведено во претходното Предвидување, и

**б)** квантитетот е во рамките на количините на MDF Блоковите пресметан врз основа на:
**I)** доставеното Предвидување; и
**II)** горната граница на најголемото дозволено отстапување наведено во Прилог 6.Б (Предвидување),

не смее да надмине 40 (четириесет) дена, сметано од датумот на стапување на сила на Индивидуалниот Договор За Компоненти На Кабелско Поврзување, доколку е обезбеден кабелски држач, потребен за инсталирање на Кабелот За Поврзување и доколку е предадена Колокациската Единица На Страната Барател.

**2.3** По завршувањето на инсталирањето на MDF Блокот, Кабелот За Поврзување, HDF Блокот и Сплитерот На Страна На Централата, потребни за Поделен Пристап На Локална Јамка, Македонски Телеком АД ќе испрати известување до Страната Барател дека работата е завршена и ќе ја достави документацијата за унифицирана идентификација на позициите на Компоненти На Кабелско Поврзување, чијашто идентификација служи за унифицирана комуникација помеѓу Македонски Телеком АД и Страната Барател.

**2.4** Македонски Телеком АД ќе има право на фактурирање по предавањето на Компонентите На Кабелско Поврзување:

**а)** Во случај на Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка: Еднократен Надомест За Инсталирање На Целосно Разврзан Пристап, како што е дефинирано во Прилог 8.Б (Надоместоци);

**б)** Во случај на Поделен Пристап На Локална Јамка ќе се наплатат следниве надоместоци дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци):
**I)** Еднократен Надомест За Инсталирање На Поделен Пристап;
**II)** Еднократен Надомест За Рамка За Сплитер На Страна На Централата;
**III)** Еднократен Надомест За Инсталирање На Рамка За Сплитер На Страна На Централата;
**IV)** Еднократен Надомест За Сплитер На Страна На Централата;
**V)** Еднократен Надомест За Инсталирање На Сплитер На Страна На Централата.

## 3. Разврзан Пристап На Локална Јамка

**3.1** Предуслов за започнување на работите потребни за Разврзан Пристап На Локална Јамка е Страната Барател да го врати – потпишан со овластен потписник - релевантниот Индивидуален Договор За Локална Јамка до Македонски Телеком АД, којшто Македонски Телеком АД го испратил до Страната Барател и Индивидуалниот Договор За Локална Јамка ќе стапи однапред на сила.

**3.2** Македонски Телеком АД ќе го заврши имплементирањето на Разврзан Пристап то На Локална Јамка

**а)** кое е наведено во претходното Предвидување, и

**б)** квантитетот е во рамките на количините на Локалните Јамки пресметан врз основа на
**I)** доставеното Предвидување; и

**II)** горната граница на најголемото дозволено отстапување наведено во Прилог 6.Б (Предвидување),

во рок од 5(пет) работни денови сметано од денот на стапување на сила на соодветниот Индивидуален Договор За Локална Јамка, под услов да нема потреба да се инсталираат нови Компоненти На Кабелско Поврзување и градење на Колокациска Место за да се обезбеди бараниот Разврзан Пристап На Локална Јамка.

**3.3** Операторот-корисник треба да поднесе барање за заедно со Пренесување на број до Македонски Телеком АД на “Големопродажниот Веб-екстранет модул”, со наведување за кој број се бара пренесување. Македонски Телеком АД ќе го разгледа барањето и ќе му одговори на Операторот-корисник. Доколку се работи за постоечка Локална јамка или под-јамка барањето ќе биде проследено за имплементација, а доколку е потребно дополнително поврзување на локалната јамка или под јамка со претплатничката пристапна точка , Македонски Телеком АД ќе достави одговор дали има техничка можност.

**3.4** Кога треба да се инсталираат нови Компоненти На Кабелско Поврзување и/или треба да се спроведе нова Колокациската Единица На Страната Барател, рокот за обезбедување на Разврзан Пристап На Локална Јамка е идентичен со рокот за инсталирање и поврзување на HDF Блок.

**3.5** Предуслов за обезбедување на физички пристап до Локалната Јамка е:

**а)** Страната Барател да го испрати склучениот Претплатнички Договор што претставува основа за Барање За Локална Јамка до Македонски Телеком АД и во случај на Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка Македонски Телеком АД треба да добие откажување на фиксните говорни телефонски услуги на Претплатникот кој добива услуга на Локалната Јамка побарана од Страната Барател; и

**б)** Успешно завршување на Прелиминарниот Тест За Соодветност На Опремата за опремата која треба да се поврзе со Локалната Јамка и која не е вклучена во објавената „Листа на опрема што може да биде поврзана на мрежата на Македонски Телеком АД”.

**3.6** Македонски Телеком АД го специфицира кодот за идентификација на позицијата на HDF Блокот што припаѓа на Локалната Јамка, потребен за идентификување на Локалната Јамка, во текот на Тестот За Примопредавање направен заеднички со Страната Барател.

**3.7** Во случај на Целосно Разврзан Пристап На Локална Јамка: по обезбедувањето на физички пристап до Локалната Јамка, Македонски Телеком АД ќе има право да фактурира Еднократен Надомест За Поврзување или Еднократен Надомест За Поврзување На Недовршена Парица доколку е извршено вакво поврзување, како што е дефинирано во Прилог 8.Б (Надоместоци);

**3.8** Во случај на Поделен Пристап На Локална Јамка: по обезбедувањето на физички пристап до Локалната Јамка, Македонски Телеком АД ќе има право да ги фактурира следниве надоместоци, дефинирани во Прилог 8.Б (Надоместоци):

**а)** Еднократен Надомест За Поврзување;

**б)** Еднократен Надомест За Сплитер На Страната На Претплатникот, ако е обезбеден од Македонски Телеком АД;

**в)** Еднократен Надомест За Инсталација На Сплитер На Страната На Претплатникот, ако е инсталиран од Македонски Телеком АД.

**3.9** По обезбедување на физички пристап до Локалната Јамка, Македонски Телеком АД ќе има право да фактурира Месечен Надомест За Изнајмување На Локална Јамка (за Поделен Пристап/за Целосно Разврзан Пристап/За Поделен Пристап За Користење На Повисоките Фреквенции (“naked DSL”), како што е дефинирано во Прилог 8.Б (Надоместоци).

**3.10** Страната Барател може да го раскине Индивидуалниот Договор За Локална Јамка – доколку не е дефиниран друг период за раскинување на договор - со период за раскинување на договор од 30 (триесет) дена во случаите наведени во условите за раскинување на договор (точка VI.14 од главниот текст). Доколку Страната Барател го раскине Индивидуалниот Договор За Локална Јамка во случаите наведени под условите за раскинување на договор (точка VI.14 од главниот

текст), Македонски Телеком АД ќе има право на Страната Баратeл да и фактурира Месечен Надомест За Изнајмување На Локална Јамка, како што е дефинирано во Прилог 8 Б. (Надоместоци) до крајот на рокот за раскинување на договор.